**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: Комисија за заштита од дискриминација**

**За: г. Александар ДАШТЕВСКИ, претседател**

**Бр. 03-1179/3**

**Скопје 13.07.2018г.**

**Предмет: Одговор на Мислење од КЗД**

**Врска: Ваш бр. 08-79/4 од 06.07.2018 година**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) го доби Мислењето од Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) во врска со Претставката што, на 14.03.2018 година, АВМУ ја поднесе против ТВ Алфа поради дискриминација врз етничка основа сторена во емисијата „Миленко Неделковски шоу", емитувана на 27.01.2018 година, со почеток во 23 часот.

Мислењето го проучивме внимателно и непријатно сме изненадени од одлуката воопшто да не бидат разгледани доказите кои се доставени од АВМУ, туку предвид да бидат земени само ставовите на ТВ Алфа. Притоа, наводите од Изјаснувањето на ТВ Алфа се третирани како апсолутна вистина и воопшто не е земена предвид елаборацијата за овие важни аспекти од утврдувањето на прекршокот која е дадена во Извештајот од надзорот што Ви го испрати АВМУ. Би сакале да Ви ги посочиме следниве факти:

1. КЗД одлучила да не поведе постапка и да не ги анализира доказите понудени од АВМУ бидејќи „претставката се однесува на погрешно лице (ТВ Алфа)". Ваквиот став на КЗД се базира на Изјаснувањето на ТВ Алфа дека емисијата е „самостоен надворешен проект на извршителот и јасно пред почетокот на емитувањето на емисијата, радиодифузерот му појаснува на аудиториумот дека ставовите изнесени во емисијата не се ставови на Алфа телевизија" и оти „Телевизијата не може да сноси никаква директна одговорност за содржината на емисијата бидејќи се работи за независен проект".
    - Ваквите тврдења се неточни. Имено, Законот за аудио и аудиовизуелни услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), во член 3 став 1 точка 26. дефинира дека: „Уредничка одговорност во аудио или аудиовизуелна медиумска услуга значи одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во хронолошкиот редослед на програмите (програмска шема), во случај на телевизиско или на радио емитување (линеарни услуги)...". На ваков начин, Законот јасно и недвосмислено ја лоцира одговорноста за секоја емитувана содржина кај радиодифузерот, којшто одлучил таа да биде емитувана на неговата програма, а не кај оној којшто ја произвел.

- Имајќи го ова предвид, радиодифузерот не може да ја отфрли сопствената уредничка одговорност за одлуката одредена емисија да стане дел од неговата програмска шема така што ќе емитува текст со кој ќе се огради од содржината. Во овој контекст треба да се има предвид и пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Сурек против Турција, од 8 јули 1999 година, со која е потврдена одговорноста на издавач на весник поради објавување писма на читатели.
- Доколку КЗД го земеше предвид Извештајот од надзорот што го достави АВМУ во прилог на Претставката, ќе знаеше кој има одлучувачка контрола врз изборот на програмите и, при утврдувањето на фактичката состојба, немаше да констатира дека емисијата, врз основа на договор „само се емитува на посочената телевизија".
- АВМУ исправно постапи кога ја поднесе претставката против ТВ Алфа, но нема намера да прејудицира дали тврдењето на ТВ Алфа дека нема „никаква директна одговорност за содржината на емисијата бидејќи се работи за независен проект" е намерен обид да се доведе КЗД во заблуда или е резултат на непознавање на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), што пак би говорело за непрофесионалност и неодговорност од страна на радиодифузерот.

2. Во своето Мислење, КЗД цитира уште едно тврдење од изјаснувањето на ТВ Алфа за тоа дека „медиумот не може да влијае врз содржината, ставовите и мислењата искажани од авторот на емисијата, а ниту, пак, да го санкционира" бидејќи „тоа би претставувало цензура", како и оти Телевизијата, како доказ доставила „Договор за реализација на циклус емисии со наслов Миленко Неделковски шоу од 3.1.2017 година".
    - И ова тврдење е неточно. Како што е познато, членот 10 на Европската конвенција за човекови права јасно го утврдува карактерот на правото на слобода на изразување кое не е апсолутно, со тоа што во став 2 нагласува дека: „Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството". Од овде, несомнено произлегува општоприфатениот став во стручната европска јавност дека секое ограничување на слободата не претставува цензура – на ова, меѓу другото, се темели и постоењето на институциите како АВМУ и КЗД кои во своето постапување мора да прават јасна разлика меѓу практикувањето слобода на изразување и злоупотребата на ова право.
    - Законската основа по која постапува АВМУ е членот 48 од ЗААВМУ, а при секој надзор на почитувањето на овој член од страна на радиодифузерите, Агенцијата го следи постапувањето на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и утврдува дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на овој суд: дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, дали има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество. На вакво постапување, АВМУ самата јавно се има обврзано во својот „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", при чија практична примена, АВМУ води сметка и за релевантната меѓународна и македонска регулатива, како и за судската пракса на ЕСЧП и на македонските судови и институции. Радиодифузерите се повеќепати запознаени со содржината на Водичот кој е континуирано достапен на нашата веб страница.

- Нотoрен факт е дека ниту еден договор не може да претставува основа/изговор за незаконско однесување. Евентуалното влијание што ТВ Алфа би го имала врз која било емисија (од сопствено или од туѓо производство) не би претставувало цензура во случаите кога со содржината на емисијата се прекршуваат законски одредби. Ова, на КЗД би требало да ѝ е познато.

3. КЗД, при утврдувањето на фактичката состојба, констатира дека: „Забелешките на подносителот на претставката, меѓу другото, се однесуваат на искази на учесник во посочениот независен медиумски проект, што не би можело на ниту еден начин претходно да биде предвидено". Доколку КЗД одлучеше да го анализира доставениот Извештај од надзорот што го спроведе АВМУ, ќе знаеше дека во него е прецизно елаборирано оти:

  „Факт кој Судот [ЕСЧП] сериозно го зема предвид е дали „говорот на омраза" е кажан во текот на програма во живо. Судот особено разгледува дали авторот имал шанса да го коригира јазикот што го употребил"[1]. Анализираното издание на „Миленко Неделковски шоу" е однапред снимено и не се емитува во живо.

  Тоа што емисиите се однапред снимени значи дека и ТВ Алфа можела уреднички да интервенира во содржината - бидејќи законски ја носи крајната уредничка одговорност за нивното емитување - но тоа не го сторила. ТВ Алфа, пред почетокот на емисијата се оградува од ставовите изнесени во неа. Сепак, како што е погоре веќе објаснето, со тоа Телевизијата не ја намалува својата уредничка одговорност, која е јасно дефинирана во член 3 став 1 точка 26 од ЗААВМУ".

4. Во Мислењето, КЗД го констатира и следново: „...дури и да имало евентуално некаква повреда на некакво право, со оглед дека посочената емисија како независен проект повеќе не се емитува на односната телевизија, смета и дека може да се констатира дека нема да може да се постигне евентуалната цел на постапката".

  - Непријатно изненадување е тврдењето на КЗД дека ако се санкционира претходно сторена дискриминација направена преку медиум „нема да може да се постигне евентуалната цел на постапката". Крајниот резултат од ваквото резонирање би бил дека никој не е одговорен за веќе сторена дискриминација и искажан говор на омраза. До какви општествени последици би довел ваквиот заклучок!?

  - Ставот на АВМУ пак е сосема спротивен – тоа што емисијата повеќе не се емитува на таа телевизија не го поништува фактот дека делото е сторено и тоа со намера. Како што е прецизирано во Извештајот од надзорот: "Со оглед на фактот дека емисијата се емитува на телевизиски програмски сервис на државно ниво–ТВ Алфа, искажаните ставови се наменети за најшироката јавност, а со фактот што се искажани во однапред снимена актуелно – информативна програма дополнително се потврдува намерата да се искористи моќта на влијанието на телевизијата за да се шири дискриминаторски говор и говор на омраза".

5. На крајот од своето Мислење, КЗД и препорачува на АВМУ „да продолжи да ја следи праксата на Комисијата во оваа област за да може во иднина уште попрецизно да се утврди точната граница во однос на потенцијалната дискриминација од една страна и гарантирањето на слободите и правата на човекот и граѓанинот во смисла на примена на членот 16 од Уставот на РМ како и останатите соодветни одредби, од друга страна".

  - Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во своето постапување во случаите кога треба да се утврди тенката граница меѓу слободата на изразување и

[1] „Водич за мониторинг на 'говорот на омраза'", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2014, стр.15, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

нејзината злоупотреба од страна на радиодифузерите, ја следи праксата на Европскиот суд за човекови права, на што впрочем е обврзана и со член 48 став 2 од ЗААВМУ.

- Во поглед на тоа како е оценета практиката на Агенцијата во ваквите случаи, би сакале да Ве упатиме на публикацијата на Советот на Европа „Регулаторните тела за медиумите и говорот на омраза", објавена во 2017 година каде, меѓу препораките и заклучоците, е посочено: „Особено кога се утврдуваат потенцијални случаи на говор на омраза, се препорачува да се разгледаат сите можни агли на случајот, како што беше покажано во примерите со случаите од Македонија".

Емисијата „Миленко Неделковски шоу" беше независен проект и кога се емитуваше на ТВ Канал 5, што не ја спречи КЗД, на 31.05.2018 година (односно во време кога емисијата повеќе не се емитуваше на оваа телевизија), да донесе Мислење со кое утврди „вознемирување и поттикнување на дискриминација врз основа на сексуална ориентација, сторена од страна на ТВ Канал 5 со снимање и емитување на серија емисии „Миленко Неделковски шоу" на 22, 29 јануари и 5, 12 и 19 февруари" (Ваш бр. 0801-19/22 од 08.06.2018 година). Да Ве потсетиме дека ова Мислење е донесено при постапување по Претставка од страна на Коалицијата Маргини и Хера – Асоцијација за здравствена едукација, иако претходно, кога за истите емисии Претставка поднесе Агенцијата, КЗД донесе Мислење дека „не се утврдува дискриминација затоа што врз основа на постоечките материјали не може со сигурност да се постапи по предметот" (Ваш бр.08-1651/12 од 09.03.2017 година).

Имајќи ги предвид сите факти што Ви ги посочивме во овој допис, се надеваме дека КЗД ќе го преразгледа своето постапување и ќе го смени Мислењето за неповедување постапка против ТВ Алфа поради дискриминација врз етничка основа сторена во емисијата „Миленко Неделковски шоу", емитувана на 27.01.2018 година со почеток во 23 часот.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**.................................................**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**